Врз основа на членовите 382, 383 ст.1, т.1, 385 ст.1 и 387 од законот за трговските друштва-ЗТД и членовите 57 ст.1 т.1, 58 ст.1 и 61 од Статутот на ПИ КРИСТАЛ 1923 АД-Велес-пречистен текст, како и врз основа на одлуката на Одборот на директори на ПИ КРИСТАЛ 1923 АД-Велес бр.02-447/2/2 од ден 18.10.2022 година, Одборот на директори до акционерите на друштвото го објавува следниот

Прехранбена индустрија
КРИСТАЛ 1923 АД
Бр. 02-447/2/3
18.10. 2022 год.
ВЕЛЕС

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за учество на Собрание на акционери на**
**ПИ КРИСТАЛ 1923 АД-Велес**

На ден 21.11.2022 година (понеделник) ќе се одржи Собрание на акционери на ПИ КРИСТАЛ 1923 АД-Велес помеѓу две годишни собранија во седиштето на друштвото на улица Алексо Демниевски бр.18 во Велес со почеток во 13,00 часот со следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

**I. Процедурален дел:**

-Верификација на учесниците на собранието
-Избор на Претседавач на собранието
-Избор на 1(еден) бројач на гласови

**II. Работен дел:**

1.)Разгледување на предлог одлуката бр.02-447/2/1 од ден 18.10.2022 година за измена на статутот на акционерското друштво бр.01-241 од ден 24.06.2020 година-пречистен текст и нејзино усвојување.

Акционерите кои имаат намера да учествуваат на собранието треба да го пријават своето учество со пријава во седиштето на друштвото или непосредно пред почетокот на собранието.

Секој акционер може да учествува на седницата на собранието лично или да овласти свој полномошник на собранието на друштвото со писмено полномошно заверено на нотар за што мора веднаш да го информира друштвото по писмен пат.

Полномошникот на кој му се дадени полномошна од повеќе акционери има обврска најдоцна во рок од 5 работни дена пред одржувањето на собранието на акционери писмено да ја извести Комисијата за хартии од вредност за намерата и причините за давањето на полномошната, бројот на акциите за кои е дадено полномошното, како и дали истото е со или без инструкции за гласање, согласно чл.5 ст.9 и ст.10 од Законот за преземање на акционерски друштва. Непостапувањето на полномошникот на овој начин повлекува прекршочна одговорност.

Вклучување на нови точки во дневниот ред може да се врши само по писмен пат, на начин утврден во член 390 од ЗТД.

Материјалите и документите по точките од дневниот ред за собранието ќе бидат достапни на увид во седиштето на друштвото од денот на објавувањето на овој повик, како и на официјалната интернет страна на друштвото www.kristal.com.mk.

ПИ КРИСТАЛ 1923 АД-Велес
ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
Претседател,
Румен Смилевски

Прехранбена индустрија КРИСТАЛ 1923 АД ВЕЛЕС